Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ВЛАДИН АГЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА ВЛАДИНИОТ АГЕНТ И

# АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ И ПОСТАПКИТЕ

# ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ЗА 2011 ГОДИНА

СКОПЈЕ, МАРТ 2012

## 1.ОПШТИ НАПОМЕНИ

Република Македонија ја ратификуваше Европската Конвенција за човекови права и основни слободи (понатаму: ЕКЧП) на 10 април 1997 година. Првите жалби против државата, поднесувани од страна на македонските граѓани и странски државјани, започнаа да пристигнуваат кон крајот на 1999 година.

Од ратификација на ЕКЧП во Република Македонија, а заклучно со **31.12.2011 година**, Владиниот агент на Република Македонија, постапувал по вкупно **346** предмети по поднесени жалби до Европскиот суд за човекови права (понатаму: ЕСЧП/Судот), за наводни повреди на правата и слободите предвидени во ЕКЧП од страна на Република Македонија. Од нив **38** предмети се пристигнати во 2011 година.

**Графикон 1. Прилив на предмети**




Од споменатите **346**[1] предмети, заклучно со 31.12.2011 година **282** се завршени, а во постапка пред ЕСЧП останаа активни **64** предмети.
Притоа во текот на 2011-тата година пристигнаа вкупно **52 одлуки за завршување на активните предмети против државата пред ЕСЧП** од кои:

*- 6 пресуди,*

*- 28 одлуки за пријателско решавање на предметите,*

*- 12 одлуки по еднострани декларации, и*

*- 4*[2] *одлуки за недопуштеност на жалбите.*

*- 1 одлука за отфрлање од листа заради повлекување на апликација*

---

[1] Бројката на 346 предмети по кои постапувал Владиниот Агент е помала од збирот на комуницирани предмети по години од причина што во 2008 година еден ист жалител (Пецев) поднел 8 различни апликации заведени по 8 различни броеви, кои Судот ги споил во една. Во 2009 од Судот пристигнале две посебни апликации (Петрески и Спасевски и др.) на кои им бил даден различен број, подоцна истите се споени во еден предмет.

[2] Во текот на 2011 година донесени се 4 одлуки за недопуштеност по вкупно 5 апликации – во однос на предметите Аџи Спирковска и др.(38914/05) и Топузовски (17879/05), иако станува збор за две различни апликации со голем број на жалители, **Судот донел една одлука.**

Бројот од 64 предмети кои биле или сеуште се во постапка пред ЕСЧП, заклучно со 31.12.2011 година, е релативен, од аспект на вкупниот и прецизен број на поднесени жалби против Република Македонија пред овој суд[3].

Статистичките податоци на Европскиот суд по однос на приливот на предметите против Република Македонија покажува дека од 1999 година па заклучно со 31/12/2011 година пред ЕСЧП биле поднесени **3.181 предмети, од кои што 1.955 биле отфрлени како недопуштени или тргнати од листата на нерешени предмети по други основи или критериуми за допуштеност на жалбите.**

Следува табеларен преглед за приливот на поднесените жалби против Република Македонија.

**Табела 1**

**Годишен прилив на жалби поднесени пред ЕСЧП против Република Македонија**

| година | новоподнесени жалби | нови жалби распоредени пред определено тело за одлучување |
|---|---|---|
| 1999 | 31 | |
| 2000 | 41 | |
| 2001 | 59 | |
| 2002 | 95 | |
| 2003 | 148 | |
| 2004 | 148 | |
| 2005 | 238 | 229 |
| 2006 | 384 | 295 |
| 2007 | | 453 |
| 2008 | | 395 |
| 2009 | | 489 |
| 2010 | | 422 |
| 2011 | | 376 |

Видно од табела 1, започнувајќи од 2007 година, за да се добие целосна и прецизна слика за неговата работа, Судот оценил дека во т.н. претходна/прелиминарна постапка, значаен дел од поднесените жалби отпаѓаат од разгледување од различни, пред и се, процесно-формални причини. Статистиката за работата на Судот се води во поглед на **жалбите кои се веќе распоредени пред одредено тело за одлучување**[4], во рамките на организацијата на судот.

[3] Ова се должи на следниве причини: **Прво**, Европскиот суд за човекови права го известува Владиниот Агент само за предметите по однос на поднесените жалби за кои судот оценил дека се допуштени; **Второ**, Сознанија за предметите против Република Македонија, Владиниот агент ги добива во моментот кога Европскиот суд за човекови права, откако претходно ќе оцени дека жалбата е допуштена, истата ја доставува до Владиниот агент на Република Македонија, со барање Владата на Република Македонија да се произнесе по однос на прифатливоста и основаноста на жалбата. Овој факт претпоставува дека Владиниот агент, кој работи според процедурите на Европскиот суд, не може да располага со вкупниот и прецизен број на жалби кои се во тек пред Европскиот суд во периодот на поднесување на овој извештај, а кои потенцијално можат да бидат искомуницирани до Владата.

[4] Доколку жалбата не е веднаш административно одбиена, се распоредува во еден од петте оддели на Судот, од каде жалбите се доделуваат на одлучување на Комитет (во состав од 3 судии), Совет (во состав од 5 судии) или на судија-поединец, последното, согласно реформата на Судот и стапувањето на силан на Протоколот 14 (1.06.2010)

Оттука, за 2011 година биле распоредени нови **376 жалби** против Република Македонија до одредено тело за одлучување во рамките на Судот, а пред телото надлежно за Република Македонија заклучно со 31.12.2011 во работа имало вкупно **1.020 предмети**

Според Владиниот агент, бројката од 1.955 жалби, кои од 1998 заклучно со 31.12.2011, се оценети за недопуштени укажува на прогресот на бројот на жалби пред Европскиот суд, но и на сеуште недоволната свест и/или потребно правничко знаење за исполнување на критериумите за допуштеност на жалбите пред ЕСЧП.

## 2.СОСТОЈБИ ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### *2.1. Број и прилив на предмети*

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е соочен со зголемен број на жалби на граѓаните на Европа, кој расте од година во година. Започнувајќи од 1998 година, кога стапи на сила Протоколот 11 со кој се промени системот на Конвенцијата и пристапот до ЕСЧП, настапи висок наплив на предмети.
Имено, ако од 1999 до 2001 година, односно за три години пред ЕСЧП имало 32,700 предмети, вкупната бројка заклучно со 2011 година достигнала 469.800 предмети .

Бројката на активните предмети до 31/12/2011 година изнесува 151.600 предмети, што е за 9% зголемување во однос на претходната година.

Графикон 2- **Преглед на активни предмети пред ЕСЧП по години (1999-2011)**




Соочен со постојаниот рапиден прогрес на бројот на жалбите, ЕСЧП во соработка со надлежните институции и тела на Советот на Европа (понатаму: CoE), во последниве 15 години откако е формиран новиот ЕСЧП, превзема мерки за реформа на Судот, и тоа, како преку измени и дополнувања на Конвенцијата, така и од аспект на измени во деловникот на Судот и процесните упатства кон деловникот.

Сепак, и покрај преземените активности за зголемување на ефикасноста на ЕСЧП, вкупниот број на жалби/предмети кои се во постапка пред ЕСЧП, повторно доживеа пораст (139.650-2010 год) и заклучно со 31 декември 2011 година достигна 151.600.

### *2.2 Кратка информација за постапувањето на Првиот судски оддел во кој потпаѓа Република Македонија*

Првиот судски оддел е организациониот облик на Судот кој ги разгледуваше предметите против Република Македонија. Во рамки на одделот во 2011 година биле донесени 190 пресуди во поглед на 281 жалби, додека од останатите жалби разгледувани од страна на судскиот совет 343 биле огласени за недопуштени или биле тргнати од листата на нерешени предмети.

Покрај тоа, Одделот донел 66 одлуки од неговите комитети во поглед на 89 жалби, а 175 жалби биле огласени за недопуштени или биле тргнати од листата на нерешени предмети.

Притоа од жалбите кои биле тргнати од листата на нерешни предмети во Одделот, 281 се одлучени врз основа на пријателска спогодба или еднострана декларација (жалби кои биле испитувани од страна на судскиот совет и на комитетите).

До крајот на годината приближно 7,550 жалби испитувани од страна на судскиот совет и комитетите биле нерешени (активни )во Одделот.

Во Одделот, судија-поединец огласил недопуштени или тргнати од листата на нерешни предмети, 46,928 жалби во 2011. На крајот од извештајниот период, вкупно 92,050 жалби се нерешени пред судија-поединец.

### *2.3. Анализа на бројноста на предметите по земји-членки*

Од вкупниот број на жалби во ЕСЧП распоредени пред определен орган на одлучување, 27% се насочени против Русија, против Турција околу 11%, против Италија 9%, на Романија 8%, по 7% отпаѓаат на Украина, Србија и Полска по 4%, Молдавија и Бугарија по 3% и на Велика Британија по 2% на жалби распоредени пред определен орган на одлучување. Процентот Република Македонија не е поединечно претставен туку тој е кумулиран во рамки на преостанатите 37 држави, кои претставуваат 22% од вкупен број на жалби.

**Графикон 3**
**Состојба на предмети кои се во тек пред ЕСЧП по земји - членки заклучно со 31.12.2011**




## *2.4. Пресуди на ЕСЧП со кои се констатирани повреди на ЕКЧП*

Европскиот суд за човекови права во текот на 2011 донел 1157 пресуди по однос на сите земји членки на Советот на Европа, со исклучок на Андора, Исланд, Монако и Лихтенштајн.

Притоа, во 987 односно 85,3% од пресудите ЕСЧП констатирал повреди на правата загарантирани со Конвенцијата (вкучувајќи и само една повреда), а само во 122, или 10,5 % од пресудите не констатирал повреда на правата предвидени во ЕКЧП.
И понатаму како и досега доминираат пресудите кои констатираат повреди на различни аспекти од членот 6 кој го гарантира правичното судење со повеќето аспекти од истиот, особено аспектот на судење во разумен рок.

Во текот на 2011 година, ЕСЧП во најголем број пресуди 641, или 55,4% констатирал повреда на различни аспекти загарантирани со членот 6 на Конвенцијата. Притоа, во 341 пресуда, (29,5% од сите пресуди со повреди, или 53,2 % од повредите на членот 6,) утврдил повреда на правото на судење во разумен рок, во 211 ( 18,2% од сите пресуди со повреди, или 33 % од повредите на членот 6) на другите аспекти на правичното судење и 89 ( 7,7% од сите пресуди со повреди, или 13,9% од повредите на членот 6) за неизвршување на домашни одлуки.

Потоа следуваат забраната за тортура и нечовечко однесување од членот 3 на Конвенцијата со 287 (25%) пресуди; правото на слобода и безбедност од член 5 со 261

пресуди (22,5%); 187 (16,2%) за правото на ефикасен домашен правен лек од членот 13 и 155 (13.4%) за правото на мирно уживање на сопственоста од член 1 на Протоколот 1.

### *2.5. Реформа на системот на Конвенцијата и на Европскиот суд за човекови права во правец на зголемување на ефикасноста на работата на Судот*

Соочени со огромниот број на индивидуални жалби пред Европскиот суд за човекови права, кој предизвикува сериозна штета на ефективноста и кредибилитетот на Конвенцијата и нејзиниот надзорен механизам, и претставува закана за квалитетот и конзистентноста на праксата и за авторитетот на Судот, Европскиот суд и Комитетот на Министри при Советот на Европа, преземаа сериозни и опсежни мерки за подобрувањето на системот за ефективна заштита на човековите права и во подобрувањето во функционирањето на Европскиот суд за човекови права.

Декларацијата од Интерлакен и Акцискиот план одредија конкретни мерки кои се преземаат на неколку нивоа – на национално ниво, на ниво на Комитетот на министри, како и од страна на самиот Суд, а со цел да се постигнат посакуваните подобрувања и приспособувања од кои, најмногу полза ќе имаат европските граѓани.

Декларацијата од Интерлакен и Акциониот план усвоени во 2010 година, потврдија дека националните органи – владите, судовите и парламентите мора да имаат фундаментална улога во гарантирањето и заштитата на човековите права на национално ниво.

Во Измир Турција на 26-27 април 2011 година за време на Турското претседателство со Комитетот на Министри при Совет на Европа беше одржана Конференција.

Конференцијата во Измир имаше три основни цели во контекст на обезбедување на ефикасност на супервизорската машинерија поставена од страна на Европската конвенција за човекови права како и одржување на динамика во напорите да се постигне ова. Првата беше да се направи прелиминарна проценка на влијанието на Протокол бр 14. Втората, да се направи преглед односно проценка на она што е постигнато со процесот на реформи започнат со конференцијата Интерлакен во февруари 2010 година, а третата да се рефлектираат понатамошни идеи за остварување на таа реформа.

## 3. АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО КОИ ПОСТАПУВАЛ ЕСЧП

### *3.1. Анализа според засегнати процедурални области*

Анализирајќи ја структурата на предметите против Република Македонија, кои се комуницирани до Владата на Република Македонија изминатите 14 години (1997-2011), односно вкупно **346** жалби, од аспект на процедуралните области кои биле предмет на испитување за наводна повреда на ЕКЧП, укажуваат на тоа дека

најголеми забелешки жалителите имаат заради текот на граѓанските постапки особено на парничните постапки во домашниот правен систем, меѓутоа значителен број укажува и на жалбени наводи по однос на кривичните постапки.

Следува графички приказ на засеганатите процедурални области

**Графикон 4**




Видно од податоците прикажани во графиконот е дека парничните предмети биле актуелизирани во 67% од комуницираните предмети. По нив, по бројноста, следуваат кривичните предмети, каде кривичната постапка се појавила како спорна во 16% од комуницираните случаи. Потоа се управните предмети со 9%, извршните предмети со 6% додека вонпарнични има само 4 предмети односно се јавуваат со само 1%. Досега само во два случаи е актуелизирана постапка пред ЕСЧП во врска со спорен прекршочен предмет, а исто така има и еден предмет кој е поврзан со сукцесија (Алишиќ и други против Република Македонија).

Истоветната структура останува и по однос на предметите кои сеуште се во работа пред ЕСЧП, односно за кои Судот ќе одлучува во текот на 2012 година. И натаму најбројни се парничните предмети. **Она што е многу значајно да се напомене е фактот дека сите овие предмети, се однесуваат за постапки пред домашните судови водени според старите законски решенија, односно пред имплементацијата на реформата во правосудството која се спроведува започнувајќи од 2005 година и која сеуште е во тек.** Тоа значи дека сеуште нема постапки пред ЕСЧП по однос на новите законски решенија, за валоризација на целокупната реформа која се спроведува во Република Македонија изминатиот период.

### *3.2 Анализа на комуницираните предмети од ЕСЧП по однос на Република Македонија* во текот на 2011 година

Во текот на 2011 година, Европскиот суд за човекови права до Владата на РМ комуницираше 38 предмети. Притоа 21 предмети беа доставени со околу 70 жалители (од кои во еден предмет имаше 20 жалители) кои се жалеа на повреда на правото на судење во разумен рок, а за предмети кои со години биле во постапка пред домашните судови, и за кои ЕСЧП со досегашната судска пракса против Република Македонија, се констатирани како неразумни влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата. Дел од нив беа решени по пат на пријателски спогодби или пак со изјавување на еднострана декларација. Некои од нив сеуште не се решени од страна на Судот.

Преостанатите пак 17 предмети се однесуваат на сериозни аспекти на Конвенцијата, од кои 7 се од кривичната сфера, 4 од парничната сфера, 5 се управни предмети и еден е прекршочен. Приказ на овие предмети е даден во Анекс 4 кон овој Извештај.

### *3.3 Анализа на одлуките донесени од ЕСЧП по однос на Република Македонија*

**Во текот на 2011 година** Европскиот суд продолжи со својата зголемена ефикасност по однос на одлучување на предметите против Република Македонија и донесе **пресуди или одлуки по 52 предмети** против Република Македонија, со што вкупниот број на завршени предмети заклучно со 31.12 2011 година изнесува 286 предмети.

Бројот на одлучени предмети во 2011 година е намален за 28% во однос на решените предмети во 2010 година кога беа завршени 72 предмети, додека во споредба со 2009 година тој број е зголемен за 4% кога беа завршени 48 предмети.

Како завршени предмети, за потребите на овој Извештај и преглед на работата на Владиниот агент и Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП се сметаат предметите кои се затворени со одлука на ЕСЧП (пресуда, конечна одлука за недопуштеност, пријателска спогодба или било кој друг вид на одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на Судот), од вкупниот број на предмети комуницирани до Владиниот агент, односно Владата на Република Македонија.

Од вкупно пресудените 52 предмети, 6 се пресуди на Судот, а останатите се одлуки. Притоа во сите **6 пресуди се констатирани повреди на правата** загарантирани со ЕКЧП.

Од **донесените 45 одлуки на ЕСЧП**, со пријателски спогодби се завршени 28 предмети, 12 предмети завршиле со унилатерална декларација, а 5 предмети се прогласени за недопуштени или отфрлени (заради повлекување на апликација).

**Графикон 5**




Сумирајќи ги одлуките на ЕСЧП донесени по однос на Република Македонија сметано од 1998 година заклучно со 31/12/2011 година, состојбата е следна:
- 84 пресуди (81 со повреда и 3 без повреда),
- 114 одлуки за пријателска спогодба,
- 44 одлуки со еднострана декларација на РМ (признавање на повреда), и
- 44 одлука за недопуштеност на жалбата или отфрлање на жалбата.

**Графикон 6**




Од вака прикажаните податоци јасно е дека 69% од предметите завршиле со утврдени повреди на правата од Конвенцијата, или пак со одлуки на судот во кои

се констатирало пријателско спогодување со странките (а во недостаток на аргументација за одбрана на државата). Со признание на државата дека правата биле повредени (еднострани декларации) завршиле 15% од предметите.

Во продолжение следува графички приказ на донесените пресуди на ЕСЧП, со констатирани повреди започнувајќи од 2005 година.

**Графикон 7**




Детален приказ на констатираните повреди на членовите од Конвенцијата од страна на РМ, во текот на 2011 година, за кои ЕСЧП донесе 6 соодветни пресуди е прикажан во Анекс 1 кон овој Извештај

За сите донесени пресуди и одлуки, Владата на РМ е уредно и тековно известена со Информации на Владиниот агент во текот на 2011 година.

Анализирајќи ги пресудите на ЕСЧП од детално прикажани во табелата од Анекс 1 кон овој извештај, сосем е јасно дека доминираат пресудите кои се однесуваат на повреди на правото за правично судење, претежно на судењето во разумен рок, односно 6. Притоа 2 од пресудите исклучиво се однесуваат на повреда на барањето за судење во разумен рок, додека во преостанатите 4 пресуди покрај повредата на разумниот рок, констатирани се: повреда на аспектот на еднаквост на оружјата (2), пристап до суд (2) .

Во продолжение следува графички приказ на констатираните повреди по предмети против Република Македонија, сметано од 1999 заклучно со 2011 година:

**Графикон 8 – Констатирани повреди по членови од Конвенцијата (1999-2011)**




Од приказот погоре[5], може да се забележи дека најголем број предмети - 57 односно 65% се однесуваат на повреда на членот 6 од аспект на правото на судење во разумен рок. **Во однос на другите аспекти на членот 6 – правото на фер судење, констатирани се повреди во 14 предмети, т.е. 16%.**

На нив се надоврзуваат повредите на членот 5 - правото на слобода и безбедност кои се констатирани во 4 предмети, потоа во 4 предмети, констатирана е неефикасна истрага во случаите на наводна тортура од страна на полицијата; истоветно со правото на ефикасен домашен правен лек од членот 13, и правото на сопственост од членот 1 на Протоколот бр. 1., и единствениот случај на повреда на правото на здружување од член 11 на Конвенцијата.

Ако на понапред наведените предмети завршени со пресуда (53) со кои е констатирана повреда на правото за правично судење, од членот 6 на Конвенцијата, се додаде бројката на предмети кои се решени со пријателски спогодби и еднострани декларации (158), вкупниот број на одлуки кои се однесуваат на постапувања во неразумни рокови, достигнува 211 предмети или 75% од сите одлуки.

[5] Бројот на констатирани повреди дадени во графиконот број 8 се однесува на повреди констатирани по членови од Конвенцијата, а не се однесува на вкупен број пресуди донесени од страна на Европскиот суд за човекови права.

## *3.4. Спогодбено решени предмети и унилатерални декларации*

### 3.4.1. Пријателски спогодби

Во2011 година бројот на предмети против РМ кои завршија со пријателска спогодба согласно можностите што ги дава ЕКЧП[6] изнесува 28, што останува во границите на предметите решени на овој начин во 2009 и 2010 година.

Важно е да се спомене дека како и низ изминатите години така и во 2011 година, ЕСЧП е оној кој ја иницираше постапката за спогодбено решавање на предметите. Имено, судот на двете засегнати страни во случајот уште на самиот почеток на постапката за предметите кои се однесуваа на повреда на правото на судење во разумен рок, излезе со понуди за пријателско спогодување. Притоа со потпишувањето на изјавата, страните се обврзуваат:
а) Владата: дека ќе ја исплати наведената парична сума на жалителот на име пријателска спогодба,
б) жалителот: дека од своја страна ќе се откаже од било какви барања кон Република Македонија по однос на било кои факти - предмет на жалбата, и прифаќа дека ваквата спогодба претставува конечно решавање на спорот.

ЕСЧП покрај тоа што ја иницираше постапката за разрешување на предметите на овој начин, едновремено ја утврдуваше и предлог сумата за спогодбата која се движеше во рамки од 850 до 4480 Евра по жалител. Бројноста на жалителите пред ЕСЧП (55) кои ја спореа бавноста на домашнте судски постапки, и со кои е постигната пријателска спогодба, доведе до тоа да по овој основ буџетот на РМ биде оптоварен за 150.570 Евра кои се исплаќаа сукцесивно (во зависност од датумот на донесената одлука на ЕСЧП) како во 2011 така и во првиот квартал на 2012 година.

Според анализите на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, утврдените суми соодветствуваат на компаративната практика во досегашните пресуди кои се однесуваат на Република Македонија, каде во основа се земаат во предвид времетраењето на постапувањето пред домашните судови, сложеноста на случајот и засегнатиот интерес на жалителот во предметната постапка.

---

[6] **Член 38-Разгледување на предметот и постапка за пријателско порамнување**
1. Кога Судот ќе прогласи некое барање за допуштено, тој:
а. ..................
б. ќе се стави на располагање на заинтересираните страни со цел да се обезбеди пријателско израмнување, базирано врз респектот за човековите права, како што е дефиниран со Конвенцијата и протоколите.
2. Постапката спроведена согласно ставот 1.б ќе биде доверлива.
**Член 39-Постигнато пријателско порамнување**
*„Кога пријателското порамнување е постигнато, Судот ќе го избрише предметото од својот список, преку донесување на одлука ......“.*

Тргнувајќи од нагорниот тренд во користењето на пријателското спогодување за разрешување на предметите против РМ пред ЕСЧП, важно е да се потенцира дека општиот аргумент кој оди во полза на ваквиот начин на разрешување на предметите е дека, конечната одлука на судот, во овие случаи, е одлука со која предметот се симнува од листата на предмети на судот, при што не се констатира повреда на правата од Конвенцијата од страна на државата. Ова особено во ситуации, каде се работи за повеќегодишни постапувања од страна на националните судови, или за постапувања каде предметот е неколкукратно враќан од страна на повисоките судови, без истите мериторно да одлучат, или во случаи кога судовите очигледно неосновано ја оддолжувале постапката[7].

### 3.4.2 Едностранi декларации

Во случаите во кои жалителите ја одбиле предлог-пријателската спогодба Владиниот агент, користејќи ја претходно востановената пракса на Европскиот суд, по пат на еднострана декларација, во име на Владата ја признава повредата на правото на судење во разумен рок, и понудува одредена сума како компензација за жалителот. Оттука, ценејќи дека повеќе не постојат причини да се продолжи со жалбата, а врз основа на член 37 став 1 точка в од Европската конвенција, Владата му предлага на судот да го одбие понатамошното разгледување на жалбите.
При изјавувањето на овој вид на декларации, износот на претходно понудената сума за пријателската спогодба (а врз основа на овластување на Владата) се намалува за 30%, ценејќи дека тоа е нужно со оглед на признанието за сторената повреда на правата на жалителот, кое се изјавува од страна на Владата. Износите изјавени по овој основ се движат од 490 до 3430 Евра по жалител.

Како што понапред е истакнато бројот на предмети завршени со унилатерални декларации во 2011 година изнесува 12 предмети, е на ниво на 2008 година (11) , а има опаѓање во однос со 2010 година (16). Со тоа вкупната бројка на комуницирани предмети завршени со унилатерална декларација до 31/12/2011 година се искачи на 44.

Детален преглед на сите предмети решени на овој начин во 2011 година е прикажан во Анекс 3 кон овој Извештај

## *4. АНАЛИЗА НА ДОСУДЕНИТЕ ПРАВИЧНИ НАДОМЕСТИ ОД СТРАНА НА ЕСЧП ПО ОДНОС НА РМ*

[7] За сите предмети со ваква иницијатива од страна на Судот, Владиниот агент по извршените анализи на судските постапки од жалбите, редовно ја известуваше Владата, едновремено изнесувајќи ги своите аргументи во правец на прифаќањето на ваквите спогодби. Освен спецификите кои се карактеристични од случај во случај, а за кои Агентот исто така се произнесуваше

Перцепцијата на македонските граѓани за Европскиот суд како за четврта инстанца е особено видлива во делот на побарувањето за правична отштета, кое жалителите го истакнуваат со самото поднесување на жалба пред Европскиот суд, или пак во засебните барања за материјална и/или нематеријална штета, како и трошоци во постапката.

Во најголем дел од случаите жалителите од Европскиот суд бараат да пресуди како финансиска отштета износ кој соодветствува на сумите за кои тие сметаат дека им биле ускратени во текот на постапката пред домашните судови, односно имотните барања предјавени во домашните постапки.

Сепак, Европскиот суд никогаш не се впушта во преоценување на мериторноста на одлуките на органи/судови, туку секогаш се задржува само на утврдување на фактот: **дали во постапките е повредено одредено право согласно одредбите на Конвенцијата.** Оттука, евентуалната сума што судот ќе ја одреди како надомест за правична отштета, секогаш ќе се однесува на правичен надомест заради повредување на правата на жалителите од Конвенцијата, а не за нивна отштета како исходот од домашните постапки.

Впрочем, и согласно праксата на Европскиот суд, целта на институтот правична отштета, така како што е дефиниран и разработен според членот 41 од Конвенцијата[8], *не е збогатување на жалителите кои ќе го добијат спорот против државата, туку неговата улога е да ги направи стандардите во областа на човековите права јавни и обврзувачки. Со други зборови, овие стандарди не се неизбежно и исклучиво врзани со лукративниот аспект од жалбата пред Европскиот суд – напротив, овој рестриктивен пристап супстанциелно ги намалува истите. Практично, целта на механизмот на Европската конвенција е субсидијарен, односно правата е потребно да бидат првенствено заштитени во домашниот правен систем.*

Износот со кој беше оптеретен Буџетот на РМ во 2011 година изнесува **198.637 Евра**.

Следува табеларен приказ на целокупниот одлив на средства по основ на одлуки и пресуди на ЕСЧП од моментот на задолжувања за државата да исплаќа парични надомести - 2002 година, заклучно со 2011 година.

[8] Кога Судот ќе оцени дека постои повреда на Конвенцијата или на протоколите, и доколку внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна овозможува само делумна репарација на штетата, тогаш доколку е тоа неопходно, Судот ќе му додели правична отштета на оштетениот.

**Табела 3- Исплатени средства по Одлуки и Пресуди на ЕСЧП**

<table>
<tr><th>Години</th><th>2002</th><th>2003-2005</th><th>2006</th><th>2007</th><th>2008</th><th>2009</th><th>2010</th><th>2011</th><th>Вкупно (по тип на одлука)</th></tr>
<tr><td colspan="9">Износи во Евра</td><td></td></tr>
<tr><td>Судење во разумен рок-ОДЛУКИ (вклучувајќи една одлука за повреда на член 2-правото на живот во 2010)</td><td>77.000</td><td rowspan="2">0</td><td>14.500</td><td>15.870</td><td>150.040</td><td>96.226</td><td>608.800</td><td>186.773</td><td>1.149.209</td></tr>
<tr><td>ПРЕСУДИ за разумен рок и др. права од Конвенцијата</td><td>0</td><td>0</td><td>14.396</td><td>22.635</td><td>23.370</td><td>29.225</td><td>11.864</td><td>101.490</td></tr>
<tr><td>Вкупно (по години)</td><td>77.000</td><td>0</td><td>14.500</td><td>30.266</td><td>172.675</td><td>119.596</td><td>638.025</td><td>198.637</td><td></td></tr>
</table>

Анализирајќи ги податоците прикажани во табелата и графиконот, видно е дека Република Македонија за 2011, по основ на пресуди и одлуки на ЕСЧП, имала обврска да исплати 198.637 Евра на име правична отштета.

Од оваа сума 191.237 Евра отпаѓаат на надомест на штета заради судење во неразумен рок, при што врз основа на одлуки 186.773 Евра, и врз основа на пресуди 4.464 Евра.

Остатокот од 7.400 Евра претставува надомест на штета, која државата треба да ја исплати по основ на констатирани повреди со пресуди на ЕСЧП за другите права загарантирани со Конвенцијата.

## *5. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД*

### *5.1. Следење на извршувањето - поим и надлежен орган*

По донесувањето на одлуките и стекнувањето на статусот за правосилност[9] на пресудите започнува да тече обврската на државата за извршување на истите. Обврската на државата за извршување на одлуките на Судот произлегува од членот 46 од Конвенцијата за човекови права[10].

Во таа смисла, значајно е да се потсети дека за Европскиот суд, а особено за Комитетот на Министри на Советот на Европа, како политичко тело кое врши детална супервизија на начинот на кој државите – договорните страни ги извршуваат пресудите на Европскиот суд, предмет пред овој суд се смета за завршен во моментот кога Комитетот ќе донесе *конечна резолуција* со која констатира дека одговорната држава ги исполнила своите обврски согласно членот 46[11] од Конвенцијата, истовремено одлучува да го затвори следењето на извршувањето на односниот предмет.

Процесот на извршување подразбира преземање на низа поединечни[12] и општи мерки[13] заради отстранување на повредата и последиците кои настанале од истата, како и на причините што довеле до поднесување на жалба пред Судот и соодветно спречување исти или слични повреди во иднина.

---

[9] Стекнувањето на овој статус е регулирано со членот 44 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи. Пресудата станува правосилна кога странките ќе изјават дека нема да бараат нивниот предмет да биде разгледан пред Големиот судски совет, три месеци по денот на донесување на пресудата доколку не се барало предметот да биде разгледан од Голем судски совет, или пак доколку Големиот судски совет го одбие барањето за рагледување.

[10] Високите договорни страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон конечните пресуди на Судот, во сите предмети во кои тие се страни на спорот. Правосилната пресуда на Судот ќе се достави до Советот на Министри, кој го надгледува нејзиното извршување.

[11] Член 46 - Обврзувачка сила и извршливост на пресудите

1. Високите договорни страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон конечните пресуди на Судот во сите предмети во кои тие се страни на спорот.

2. Правосилната пресуда на Судот ќе се достави до Советот на Министрите, кој ќе го надгледува нејзиното извршување

[12] **Поединечните мерки** може да се групираат во две подгрупи: *фискални* - односно исплата на парични средства, доколку такви се досудени и *поединечни правни мерки,* што подразбира можност на жалителот во рамки на домашниот правен систем да ја исправи неправдата која била основ за поднесување на жалбата пред Европскиот суд (тоа најчесто значи можност за повторување или обновување на постапките пред домашните судови).

[13] **Општите мерки** пак неопходно е да се преземат во случаите кога Европскиот суд констатира системски проблеми во законодавството или практиките во државата, или пак со серија пресуди констатира иста или слична повреда на одредени права загарантирани со Конвенцијата од страна на државата. Овие мерки се преземаат со цел за отстранување на евентуалните системски пречки, за кои се смета дека генерираат повреди на правата на граѓаните загарантирани со Конвенцијата. По однос на Република Македонија, со неколку пресуди на Судот се констатираат системски проблеми кои доведуваат до повреда на правото од членот 6 став 1 од Конвенцијата, со посебен акцент на правото на судење во разумен рок.

Правосилните пресуди на Судот се доставуваат до Комитетот на министри, кој го надгледува процесот на нејзиното извршување, односно конкретните мерки кои државата ги преземала во правец на извршување на пресудите на ЕСЧП. Комитетот на министри одржува сесии четири пати во годината, посветени исклучиво на контрола врз извршувањето на пресудите на ЕСЧП од страна на државите-членки.

За преземените дејствија во правец на извршување на пресудите, Комитетот на министри при Советот на Европа(СЕ), го известува Министерството за надворешни работи на Република Македонија, во претходна соработка и комуникација со Владиниот агент кој доставува податоци за преземените дејствија во правец на извршување.

## *5.2. Состојби со извршувањето на одлуките*

Ценејќи ја состојбата со извршувањето на пресудите на ЕСЧП во 2011 година, Комитетот на Министри по однос на Република Македонија ги презентирал следните податоци:

- Во текот на 2011 година во процесот на мониторирање на извршувањето влегле **нови 35 предмети**, со што вкупниот број на предмети кои се во процес на мониторирање достигна **107 предмети.**

- Во текот на 2011 година усвоени се **17 финални резолуции за затворање** предмети заради што вкупната бројка на затворени случаи[14] заедно со прикажаната во извештаите за 2009 и 2010 година, изнесува 19 предмета.

- Од 107-те **предмети кои се во фаза на мониторинг** огромно мнозинство предмети, 87 или 81% се повторувачки предмети кои се однесуваат на констатирани повреди на разумниот рок на постапување, а останатите 19% се битни предмети. Тука и натаму се предмети каде има констатирано повреда на правото на ефикасна истрага во предмети за тортура од страна на полицијата[15], предметот Радко каде има констатирано повреда на правото на здружување од член 11 на Конвенцијата[16], Лазороски и Василковски (кај нас познат како „Змиско Око„) каде Судот констатираше повреда на членот 5 од Конвенцијата спрема 37 лица, а заради не доволно образложениот притвор кој траел со месеци за време на кривичната постапка пред Основниот суд Скопје 1.

---

[14] Во 2010-та не беше усвоена ниту една финална резолуција, додека во 2009 беа усвоени само 2 финални резолуции

[15] Јашар(2007), Сулејманов(2008), Трајковски(2008)- кои веќе 3 години чекаат за извршување,

[16] За овој предмет Владата е детално информирана. Стразбур и понатаму врши притисок за извршување на пресудата во делот на регистрација на здружението на граѓани. Предметот во моментот се наоѓа во Централниот Регистар на РМ каде што се очекува упис на здружението во текот на оваа година.

- И во текот на 2011-та забележано е пробивање на роковите за исплата правичните надомести утврдени од страна на Судот кој претежно е под еден месец. Сеуште останува спорна обврската на државата за исплата на камата заради доцнењето во исплатата. Тука веќе има проблем со пресметката на каматата, бидејќи не се знае точниот ден на кој ке се изврши исплатата, па не е можно министерството за финасии однапред во одлуката за исплата да ја предвиди и таа обврска.

- Статистиката укажува на тоа дека со пресудите на ЕСЧП спрема Република Македонија во просек се досудувал правичен надомест од **11.864 Евра**.

- Статистиката на Советот на Европа укажува дека од водечките 18 предмети, 9 од нив чекаат на извршување помалку од 2 години, но останатите 9 се во процес на извршување повеќе од 2,5 години.

### *5.3. Проблеми во сферата на извршување*

Прикажаните состојби во главата 5.2 укажуваат на кумулирање на проблемите во сферата на извршување на пресудите на ЕСЧП, на кои е укажувано во изминатите извештаи, и тоа пред се од аспект на тромост на процесот, како и немањето на дефиниран пристап кон процесот на извршување.

Она што е олеснителна околност по однос на Република Македонија е фактот дека најголемиот број на пресуди кои чекаат за извршување (87) се однесуваат на повторувачки предмети, а многу помал е бројот на водечките предмети (18) кои се многу покомплексни за извршување.

Фактот дека во државата немаше дефиниран процес на кој начин се извршуваат одлуките на Судот, ја наложија потребата од законско регулирање на сферата на извршување на одлуките на ЕСЧП во 2009 година во мај 2009 година. За имплементацијата на Законот беше неопходно именувањето на Владин агент согласно Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП, со што треба да се овозможи формирање на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП. Имено во септември 2011 година беше именуван нов Владин агент, а воедно тој е и ВД Директор на Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП. Со тоа започна процесот на формирање на Бирото како орган во состав на Министерството за правда. Исто така тоа беше клучен момент за да започне и формирањето на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП кој процес е во тек. Оваа комисија е клучниот фактор во изготвувањето на акционите планови на државата во правец на извршување на пресудите на ЕСЧП, што пак значат дефинирање на конкретни обврски, органи и рокови за преземање на активности во правец на извршување на пресудите. Овие планови треба да се достават до Комитетот на Министри кој ќе го следи нивното извршување во роковите кои државата сама си ги определила, за што се надоврзува и обврската за подготовка на тримесечните акциони извештаи.

### *5.4. Имплементација на новото правно средство по однос на неразумно долгото траење на судските постапки во Република Македонија*

Во однос на мерките за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, преземени од страна на државата во правец на креирање на ефикасно правно средство во земјата за надминување на засега најголемиот проблем констатиран од страна на Судот, правото на судење во разумен рок, забележан е значителен напредок.

Имено, правното средство воведено со Законот за судови, постапка пред Врховниот суд со која граѓаните можат да бараат директна заштита на правото на судење во разумен рок пред домашните судови, а кое започна да функционира 2008-та, година покажа импресивни резултати.

Особено е значајна околноста дека Врховниот суд одлучувајќи по овој основ покрај законските процесни правила, се раководи и од правилата и принципите на Европската конвенција, како и од судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Изминатите три години се покаша дека тоа **е од особено значење за правниот поредок на Република Македонија според Владиниот агент и отвара ново поглавје во развојот и унапредувањето на правниот промет и судиската пракса во македонското правосудство - процес кој е неминовен и во контекст на аспирациите на Република Македонија за полноправно членство во Европската унија.**[17]

**За одбележување е дека во одлуките во кои Врховниот суд одлучувал мериторно и ги прифатил за основани барањата на граѓаните за заштита на правото на судење во разумен рок се прифатени критериумите за ценење на оваа повреда востановени со судската пракса на Европскиот суд. Последново е силен индикатор дека највисокиот суд во Република Македонија доследно го применува посочениот Закон за судови и се води од утврдената пракса на Европскиот суд.**[18]

Паралелно со законските измени, Врховниот суд правеше напори за креирање на нова судска пракса во решавањето на овие предмети, која за да ги задоволи критериумите на Конвенцијата, мораше да биде во линија со судската пракса на Европскиот суд за човекови права и принципите и стандардите изградени во неа.

---

[17] Одлуките на Европскиот суд на правдата, во правниот поредок на Европската унија претставуваат извор на правото и како такви се задолжително применливи.

За резултатите од ваквата политика на државата и, паралелно со тоа, за напорите вложени од страна на домашните институции, ЕСЧП се произнесе во образложението на одлуката од 2 ноември 2011, донесена во врска со предметите ***Аџи-Спирковска против РМ и Топузовски против РМ***. Одлуката со која заеднички е одлучувано за двата споменати предмети е во прилог на државата како тужена странка пред ЕСЧП. Имено, со истата одлука ЕСЧП констатираше дека правното средство за заштита на правото на судење во разумен рок пред Врховниот суд на РМ е ефикасно правно средство во смисла на членот 13 од Конвенцијата и обезбедува доволна заштита пред домашните судови за сите жалители на кои им е повредено правото на судење во разумен рок од членот 6 на Конвенцијата.

***Правните и други имликации од одлуката на ЕСЧП во случајот Аџи-Спирковска против РМ и Топузовски против РМ***

Очигледно од самиот текст на спомeнтата одлука на ЕСЧП произлегуваат определени правни и други последици, од интерес како за граѓаните на РМ, така и за Владата на РМ.

**Обврска за (потенцијалните) апликанти за искористување на правното средство пред Врховниот суд**

Прогласувањето на домашното правно средство за ефикасно од страна на ЕСЧП, согласно текстот на самата одлука и судската пракса на ЕСЧП, значи дека во иднина, сите граѓани на РМ, пред да се обратат пред Судот во Стразбур со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок, ќе мора најпрво да го искористат домашното правно средство кое им ја дава истата заштита пред Врховниот суд на РМ. Сепак ваквата обврска за потенцијалните жалители важи од денот на објавувањето на одлуката од страна на ЕСЧП (2 ноември 2011 година), односно за сите оние кои во периодот по донесувањето на предметната одлука сеуште можат да се обратат до Врховниот суд: граѓани чии постапки за кои се тврди (или ќе се тврди) постоење на повреда на правото на судење во разумен рок се сеуште во тек пред домашните судови, како и граѓани чии постапки се правосилно завршени пред домашните судови, но не е поминат рокот од 6 месеци од правосилноста на одлуката.

Прогласувањето на домашното правно средство за ефикасно од страна на ЕСЧП, од причините наведени погоре, значи дека бројот на апликации пред ЕСЧП со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок од страна на домашните судови би требало значително да се намали. Тоа би значело и нови можни трендови во структурата на предметите пред ЕСЧП во однос на Република Македонија.

## *6. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА ВЛАДИН АГЕНТ НА РМ*

### *6.1. Законско решавање на застапувањето пред ЕСЧП*

Застапувањето на Република Македонија пред ЕСЧП, како и во изминативе 14 години се уште се врши од страна на Владиниот агент чија функција беше востановена и регулирана со Одлуки на Владата на Република Македонија (1998 и 2001 година). Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП започна да се применува во септември 2011 година кога Владата со одлука го именуваше новиот Владин агент, а со тоа се формираше и Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП ("Бирото"). Истовремено тој е и иницијатор на процесот на формирање на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП чие формирање е во тек .

Бирото е орган на државната управа и се наоѓа во состав на Министерството за правда кое ги врши работите што се однесуваат на застапувањето и постапувањето на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

### *6.2 . Останати активности на Владиниот агент*

Владиниот агент и Одделението за подршка на Владиниот агент се до формирањето на Бирото, покрај своите редовни активности во правец на застапување на државата, и во 2011 година продолжи со напорите за промоција и популаризација на стандардите на Европската Конвенција, праксата на Европскиот суд за човекови права , но и со едукаците на судиите, обвинителите и младите адвокати и правници во Република Македонија за Конвенцијата за човекови права и основни слободи и праксата на ЕСЧП.

## *7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА*

**1. Приливот на** предмети пред ЕСЧП против Владата на Република Македонија, во текот на 2011 година до Владата се комуницирани нови 38 предмети .

2. Бројката на одлуките на Европскиот суд за човекови права, во 2011 година **се намали за 29% во споредба со 2010 годи**на, и изнесува 51 одлука. Од нив *6 се пресуди, 28 одлуки за пријателско решавање на предметите, 12 еднострани декларации, и 5 одлуки за недопуштеност на жалбите или отфрлање.*

**3. Структурата на поднесените жалби пред** Европскиот суд во текот на 2011 година го следи трендот на претходните години па и натаму најголемиот број на предмети се однесуваат на предмети од граѓанската сфера.

4. Предметите комуницирани до Владата укажуваат на фактот дека проблемите актуелизирани во нив, генерираат од старите процесни законски решенија, односно пред започнувањето на имплентацијата на реформата во праводуството 2004, а која се надгради изминатите години и сеуште е во фаза на имплементација. Најголемиот проблем и понатаму останува разумниот рок на постапување пред домашните судови.

5. Праксата која Судот ја започна во 2007 година, да иницира пријателски спогодувања помеѓу државата и жалителите, со утврдени износи согласно праксата на ЕСЧП продолжи и во 2011 година. Пристигнаа седум пакети со 17 предмети во кои 25 жалителите се жалеа на повреда на правото на судење во разумен рок, а за предмети кои со години биле во постапка пред домашните судови, и за кои ЕСЧП со досегашната судска пракса против Република Македонија, се констатирани како неразумни влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата.

6. Комитетот на Министри при Советот на Европа забележал дека извршувањето на пресудите на Европскиот суд во делот на исплатите се одвива во дел од предметите со проблеми и дека исплатите се вршат по истекот на роковите определени од Судот.

7. Комитетот на Министри при Советот на Европа забележал спорост во процесот на извршување на одлуките од страна на Република Македонија, со оглед на фактот дека водечки пресуди се наоѓаат во процес на извршување повеќе од 2 години. Донесени се 17 финални резолуции за затварање на предметите.

8. Постои потреба од повисок степен на познавање на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, како и праксата на ЕСЧП кај правниците во земјата, и тоа како кај судиите, обвинителите, така и кај адвокатите во Република Македонија. Ова укажува на **потребата за континуирана едукација на правниот кадар во земјата,** проширена на судиите, јавните обвинители, адвокати и други субјекти со цел подигнување на степенот на познавање на правата и слободите кои се заштитени со Конвенцијата за човекови права.
http://www.pravda.gov.mk/documents/Aneks 4 2011.xls

АНЕКС 1- ПРЕСУДИ 2011 година

АНЕКС 2-ПРИЈАТЕЛСКИ СПОГОДБИ

АНЕКС 3 - Одлуки по еднострани декларации донесени во 2011 година

АНЕКС 4- Преглед на доставени предмети од ЕСЧП во 2011 кои не се однесуваат на судење во разумен рок